ISSN 1857 - 92

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE



# KNOWLEDGE

## *INTERNATIONAL JOURNAL*

## *SCIENTIFIC PAPERS*

## *VOL 12.1*

***8-10 APRIL, 2016***

***BANSKO, REPUBLIC OF BULGARIA***

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**

**SKOPJE, MACEDONIA**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific papers Vol. 12.1

**Editing Board**

PhD Vlado Kambovski, PhD Robert Dimitrovski, PhD Predrag Trajković, PhD Maria Kavdanska, PhD Svetlana Trajković, PhD Zivota Radosavljevik, PhD Margarita Koleva, PhD Mile Matijević, PhD Nonka Mateva, PhD Rositsa Chobanova,PhD Mirjana Borota – Popovska, PhD Aleksandar Nikolovski, PhD Jove Kekenovski, PhD Marija Knezevik, PhD Ilija Nasov, PhD Irina Singaveskaya, PhD Nonka Mateva, PhD Dzulijana Tomovska, PhD Oliver Dimitrijevik, PhD Nedzat Koraljik, PhD Nebojsha Pavlovik, PhD Nikolina Ognenska, PhD Dimitrija Popovski, PhD Lisen Bashkurti, PhD Tome Naumov, PhD Trajce Dojcinovski, PhD Jana Merdzanova, PhD Zoran Srzentic, PhD Nikolai Sashkov Cankov

**Preparing and correction:** Liljana Pushova, Jasmina Dimitrovska

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**For editor**
PhD Robert Dimitrovski

**KNOWLEDGE**

**International Journal Scientific Papers Vol. 12.1**

**ISSN 1857-92**

## SCIENTIFIC COMMITTEE

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD

- Prof. Robert Dimitrovski PhD, Faculty of Management, MIT University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Dean, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Rosica Cobanova PhD, Bulgarian Academy of Sciences (Bulgaria)
- Prof. Ilija Nasov PhD, Research and Development center PLASMA, Skopje (Macedonia)
- Prof. Aleksandar Nikolovski PhD, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Predrag Trajkovic PhD, JMPNT, (Serbia)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University "Goce Delcev", Shtip (Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Jove Kekenovski PhD, Faculty of Tourism, UKLO , Bitola (Macedonia)
- Prof. Sasho Korunoski, Dean, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Cvetko Andreevski, Vise rector, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Margarita Koleva PhD, Dean, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Aleksandar Donchev, MIT University, Faculty of Law, Skopje (Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovic, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Ljupco Naumovski PhD, Forum for Mobility and Research, Bitola (Macedonia)
- Prof. Oliver Iliev PhD , Faculty of Communication and IT, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Dimitrija Popovski PhD, Faculty of Sport, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Sashko Plachkov PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ivan Petkov PhD, Rector, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Vladimir Lazarov PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Tosko Krstev PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Antoanela Hristova PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)

- Prof. Aleksandr Korablev, PhD, Dean, Faculty for economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
-Prof. Isa Spahiju PhD, International Balkan University (Macedonia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (Macedonia)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of law, Kragujevac (Serbia)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Sasha Kicoshev PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics , University of Novi Sad , Subotica (Serbia)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Zoja Katru PhD, Prorector, Euro College, Istanbul (Turkey)
- Prof. Mustafa Kacar PhD, Euro College, Istanbul (Turkey)
- Prof Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nikolina Ognenska PhD, Faculty of Music, SEU - Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolver Hampton, (United Kingdom)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Baki Koleci PhD , University Hadzi Zeka , (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, (MNE)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof. Nedjad Korajlic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina) - Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of law University of Kragujevac (Serbia)

- Doc. Tatyana Sobolieva PhD, State Higher Education Establishment Vadiym Getman Kiyev National Economic University, Kiyev (Ukraine)
- Prof. Svetlana Trajkovic PhD, High college for professional applied studies, Vranje (Serbia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus – Faculty of Management, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Rumen Stefanov, PhD, Dean, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, Dean, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Snezana Stoilova, PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Dean, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola(Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Vasil Zecev PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Nikola Bozkov PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Vasil Pehlivanov PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Erzika Antic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Jelena Stojanovic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Doc. Marija Kostić PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Sandra Živanović PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Snežana Milićević PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Nebojsa Pavlovic PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Venus Del Rosario, Arab Open University (Philippines)
- Nishad M. Navaz, Kingdom University (India)

## Contents

„ANGEL KANCHEV" UNIVERSITYOF RUSE AND THE PERSPECTIVES FOR INNOVATIVE DEVELOPMENT OF NORTHERN BULGARIA........15
Branko Sotirov, Ph.D........15
Venelin Terziev, Ph.D........15
Roussi Minev, Ph.D........15
Krasimir Ivanov, Ph.D........15
ACADEMIC DISHONESTY: TWO AND A HALF LEARNIN MODEL IN ADULT LEARNING 23
Mehmet Şahin, PhD........23
INCLUSIVENESS - AN INDICATOR FOR QUALITY EDUCATION........29
Snezana Jovanova-Mitkovska, PhD........29
Biljana Popeska, PhD........29
INCLUSIVE EDUCATION: A QUESTION OF ATTITUDES OF PEOPLE WITH DISABILITIES........35
Daniela Dimitrova-Radojichikj........35
Natasha Chichevska-Jovanova........35
KNOWLEDGE AS AN ELEMENT OF INTELLECTUAL CAPITAL-BASIC GOAL OF MODERN BUSINESS........41
Radica Jovanović PhD........41
Zdravka Petković PhD........41
Aleksandra Nedeljković MSc........41
THE INFLUENCE OF THE EMPLOYEES EDUCATION LEVEL ON THE CONSTANT LEARNING IN KNOWLEDGE ORIENTED ORGANIZATIONS........49
Sanja Nikolic........49
Sreten Miladinoski........49
Liljana Pusova........49
THE IMPACT OF ORGANIZATIONAL CULTURE ON STRATEGY AND TOTAL QUALITY MANAGEMENT PRACTICES........53
Marina Kantardjieva, PhD........53
INTEGRATION AND CORELATION BETWEEN THE CONTENTS OF TEACHING SUBJECTS - PHYSICAL EDUCATION AND INTRODUCTION IN ENVIRONMENT IN PRIMARY TEACHING........57
Biljana Popeska, PhD........57
Snezana Jovanova-Mitkovska, PhD........57
MODELS OF ACTIVE LEARNING........63
Nicola Stefanov Vakrilov........63
Maria Vakrilova Becheva PhD........63
KNOWLEDGE GENERATION IN SMALL AND MEDIUM-SIZED TOURISM ENTERPRISES.69
Branko Nikolovski, PhD........69
SEGMENTATION, POSITIONING AND BRANDING OF THE TOURIST PRODUCT OF OHRID........73
Vasko Cuculeski, PhD........73

# INCLUSIVENESS - AN INDICATOR FOR QUALITY EDUCATION

**Snezana Jovanova-Mitkovska, PhD**
**Biljana Popeska, PhD**
Faculty of educational sciences, Goce Delcev University in Stip, Republic of Macedonia.
snezana.jovanova@ugd.edu.mk
biljana.popeska@ ugd.edu.mk

**Abstract:** As one of the dimensions of quality education, which implies the inclusion of all children in the educational system, equal participation of all children in the predicted activities, overcoming the stereotypes of curricula, materials,.. is the dimension inclusiveness. Her successful implementation depends largely on the quality of the work of one of the key actors in education, teacher (primary, subject teacher, preschool teacher).
In the article we talking for the willingness of teacher ( preschool teacher) to implement the inclusive education, their readiness for supporting the various needs of all children, their capacity for implementation of inclusive practice.In this article we present the results of realized qualitative research whose objective was the acquisition of knowledge about the implementation of inclusive practice in kindergartens, abilities of the preschool teacher for the realization of inclusive practice, as well as proposals, suggestions for further action in this field. We used method of theoretical analysis aimed at analyzing curricula and descriptive analytic, descriptive-explicative method. Of techniques for data collection we used technique interview with her instrument protocol for the free interview. The results, suggestions and proposals from the teacher indicate the need of future actions with aim to achieve successful results in the field of inclusive education, practices.
**Key words:** inclusive practice, inclusive development, quality education, teacher

# ИНКЛУЗИВНОСТА – ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Проф. д-р Снежана Јованова Митковска**
**Доц. д-р Билјана Попеска**
Факултет за образовни науки, Универзитет „"Гоце Делчев' – Штип
snezana.jovanova@ugd.edu.mk
biljana.popeska@ugd.edu.mk

**Резиме:** Една од димензиите на квалитетно образование која подразбира вклучување на сите деца во образовниот систем, еднакво учество на сите деца во предвидените активности, надминување на стереотипите од наставните програми, материјали,.. е димензијата – инклузивност. Нејзината успешна имплементација во голема мера зависи од квалитетот на работа на еден од клучните субјекти во образованието, учителот (наставникот, воспитувачот). Во трудот се говори за подготвеноста на учителите (наставници, воспитувачите) за имплементирање на инклузивното образование, нивната подготвеност за подржување на различните потреби на сите деца, нивниот капацитет за реализирање на т.н. инклузивна пракса. Презентирани се резултати од реализирано квалитативно истражување чија цел беше стекнување на сознанија за оспособеноста на наставниците, воспитувачите за имплементација на инклузивната пракса како и предлози, сугестии за понатамошни акции на ова поле. Се примени методот на теоретска анализа насочен кон анализа на студиските програми како и дескриптивно аналитичкиот, дескриптивно-експликативниот метод. Од техниките за собирање на податоци користена е техниката интервјуирање со нејзиниот инструмент протокол за слободно интервју. Резултатите, сугестиите и предлозите кои ни ги упатија наставниците, воспитувачите упатуваат на потребата од понатамошна работа со цел постигнување на успешни резултати на полето на инклузивното образование.
**Клучни зборови**: инклузивна пракса, инклузивен развој, квалитетно образование, наставник, воспитувач

## 1. ВОВЕД

Девизата „општество на знаења", општество во кое камен темелник е образованието, општество базирано на т.н. знаења за знаењата, знаења кои водат кон економски, културен, просветен прогрес, добива се поголемо значење во овој 21-ви век. Стратешка определба на сите земји е остварување на правото на образование на сите, подигање на образовното ниво на населението, посебно на децата, младите, остварување на т.н. квалитетно образование.
Најчестата определба на овој вид образование е дека истото овозможува задоволување на образовните (развојните) потреби на неговите корисници, односно образование кое е по мерка на корисниците, на кое

влијаат мноштво на фактори како што се: средината, традицијата, услови во кои се реализира в.о. процес, стручноста, компетентноста на учителите (воспитувачи, наставници).

Квалитетот во образованието во голема мера зависи од квалитетот на работа на еден од клучните субјекти во образованието, учителот (наставникот, воспитувачот), од неговите стручни познавања од наставната област, предметот и методите на наставата, од неговата оспособеност за поучување и учење; креативноста во создавање стимулативна средина за учење; неговата оспособеност за востановување на социјална и образовна инклузија во паралелката, училиштето; од неговата комуникација и соработка со семејството и од неговиот интерес и можности за професионален, кариерен развој и соработка.

Земајќи го во предвид социокултурниот контекст во кој се одвива процесот на образование и во Р. Македонија како и во повеќето европски земји се идентификуваат неколку индикатори за остварување на квалитетно образование т.е.: ефективност, инклузивност, здравје, безбедност и продуктивна училишна средина, родова еднаквост, учество и активна партиципација на сите чинители во животот и работата на училиштето и средината, почитување на правата на децата и мултикултурализам.

Инклузивноста, инклузивното образование е нов концепт кој се повеќе се применува во европските, но и на нашите македонски простори, концепт според кој различноста е богатство на човековиот род „сите деца се исти, сите имаат еднакви права".

Основа за примена на овој нов концепт се општествените и критички теории за воспитанието, посебно теоријата на Брофенбренер и Виготски како и бројните меѓународни документи во кои се истакнува значењето на инклузивното образование како интегрална компонента на целиот образовен систем која овозможува едукација на сите, овозможува почитување и распознавање на различните потреби и способности на секој сите.

## 2. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОИМОТ ИНКЛУЗИЈА, ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Поимот инклузија латински (inclusion), вклучување, опфаќање, пресметување се користи за означување на процесот на демократизација на општеството, процес насочен кон давање на поддршка на одредени маргинализирани групи кои живеат во истото. Во педагошка смисла означува вклучување на лицата со посебни потреби во образованието. Вклучувањето на лица со посебни потреби во образовниот процес исто така се означува и со поимот интеграција. И покрај сличностите помеѓу овие поими постојат своевидни разлики. Имено, со интеграцијата (лат. *Integration*-дополнување на нешто со она што е битно, важно, обновување, премин од една растроена, расфрлана состојба во средена состојба), во педагошка смисла се однесува на приклучување на децата од маргинализираните групи во редовниот образовен систем со што би се придружиле, дополниле во постојното опкружување

Разликата помеѓу овие два поима е евидентна. Имено, инклузијата е насочена не само кон вклучување на детето во општествениот систем на заедницата на сите нивоа, но подразбира вклученост и прифатеност на единката во семејството, на семејната заедница во општествената заедница, вклученост на децата во образовниот систем, но таква вклученост која значи и поддршка на различноста и остварување на правото на образование во една подржувачка и стимулативна средина која ќе овозможи холистички развој на секој поединец, без оглед на нивната различитост. Поимот инклузија е спротивен на поимот сегрегацијата (*лат. Segregation*), кое во педагошка смисла значи издвојување на поединецот во посебни специјални училишта и заводи за образование на лица со посебни потреби.

Инклузијата претставува процес насочен кон препознавање и одговор на различните потреби на децата низ зголемување на нивното учество во учењето, културниот живот и животот во заедницата воопшто.

Сфатена во поширока смисла инклузијата подразбира вклучување на поединецот и групата во системот, општеството во целина, процес кој обезбедува поголема партиципација на учесниците во донесување на одуки кои влијаат на нивниот живот. Во потесна смисла се однесува на потполното учество во воспитно-образовниот систем на сите, без оглед на полот, националното и верско определување, социјално-економско потекло и здравствена состојба, подразбира активно учество и вклученост на сите деца, согласно правото на сите деца на образование, без оглед на разликите кои постојат помеѓу нив, во наставните и вон-наставните активности.

***Инклузивното образование*** претставува процес кој води до релативно трајни и прогресивни промени на поединецот и тоа во услови на симедониска поддршка и социјална вклученост во училиштето. „Инклузивното образование е процес преку кој училиштето се обидува да одговори на потребите на сите ученици како поединци преку разгледување и реструктуирање на организацијата на наставните планови и обезбедување и распределба на ресурси за да се зголеми правичноста на можностите." (ЕГО, извештај на УНИЦЕФ, стр 8)

Интересот за инклузивното образование, со оглед на современите тенденции во развојот на образованието во светот и кај нас, согласно заложбите за квалитетно образование, последниве децении се повеќе расте. Токму оттаму, и се побројни се истражувањата поврзани со т.н. инклузивна пракса, истражувања насочени кон откривање на препреките, бариерите на кои се наидува при

имплементацијата на инклузивното образование, со цел нивно надминување, но и трагање по најдобрите решенија во правец на унапредување на инклузивната пракса.

Во резултатите од спроведените истражувања како најчести препреки се истакнуваат: подготвеноста на одделенските и предметните наставници за работа со децата со посебни потреби (Вујачич, 2009); проблеми од техничка природа: број на деца во одделението, недефинирана улога на наставникот; постоење на реален страв на наставниците од реакцијата на родителите на останатите деца, од нивните предрасуди и негативни ставови кон децата со посебни потреби, недостаток на стручна поддршка, недоволната обученост и нестручност на наставниците поради ненавременото и недоволно образование на наставниците; (Мушкиња, Лазиќ, Риста, 2010, Хрватска, 2009); тешкотии во поглед на вреднување, оптеретување на наставникот со административни работи; проблеми поврани со ставовите на наставниците за реализацијата на инклузивното образование, нивната компетентноста за неговата реализација (БиХ, 2012) итн.

Меѓу наведените препреки, бариери за имплементација на инклузивното образование е и ставот на учителот кон инклузивното образование, неговата компетентност, неговата обученост.

Прашањето за обученоста на учителот (наставникот, воспитувачот), неговата подготвеност, ставови и мислења за имплементација на инклузивното образование се предмет на интерес и на овој труд.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Целта на истражувањето беше насочена кон испитување на мислењата и ставовите на учителите (воспитувачите, студентите) за нивната оспособеност за реализација на инклузивното образование, како и испитување на целта, начинот на остварување на инклузивното воспитание и образование поконкретно во детската установа (причина- секојдневната комуникација и соработка со воспитувачите во детските установи, реализацијата на методската пракса од страна на авторите), ставовите на воспитувачите кон инклузивното образование, идентификување на факторите од кои зависи успешното вклучување на децата со посебни потреби во редовните групи во градинката, како и нивните предлози и сугестии за негово успешно имплементирање во детската установа.

Се примени дескриптивниот метод, а од техниките за собирање на податоци беше применета техниката анализа на документацијата - анализирани се студиските програми на Факултетите во Р. Македонија кои едуцираат наставен кадар за предучилишно воспитание и образование, поконкретно студиските програми на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет, УКИМ, студиските програми на Факултетот за образовни науки, УГД во Штип, студиските програми на Педагошкиот факултет на УКЛО во Битола, студиските програми на Педагошкиот факултет во Скопје, со примена на инструментот евидентен лист; техниката интервјуирање и инструментот протокол за врзано интервју. Примерокот беше намерен, составен од два субпримероци - субпримерок студиски програми; субпримерок воспитувачи - 14 воспитувачи од детските установи во Штип- намерен примерок.

## 4. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

### 4.1. Анализата на наставните програми ги даде следните резултати

Во студиските програми за иницијалното образование на воспитувачите се назначени педагошко-психолошките и методските компетенции кои треба да ги поседува воспитувачот по завршување на првиот циклус од иницијалното образование. Во тие компетенции се вградени и компетенциите за инклузивно образование, т.е. истите се испреплетуваат и се надоградуваат на претходно споменатите компетенции.

Врз основа на анализираните студиски програми на наведените факултети дојдовме до следните констатации:

Во студиските програми на Институтот за педагогија, содржините за инклузивно образование се испреплетуваат низ содржините од различни наставни предмети: Психологија, Педагогија, Предучилишна педагогија, Дидактика. Поголем опфат на содржини поврзани со инклузивното образование постојат низ предложените изборни предмети како: Педагошката работа со ранливи деца, Интеркултурно образование, Стратегии на учење и поучување, Рано учење и развој, Педагошка комуникација, Училишна докимологија, Социјална педагогија, Воспитна работа со деца без родители и родителска грижа.

Во студиските програми на Педагошкиот факултет во Скопје и Педагошкиот факултет во Битола имаме иста, слична ситуација – не постои посебен предмет инклузивно образование, но содржини поврзани со инклузивното образование се забележливи во наставните програми од предметите: Општа психологија, Педагогија (Битола), Предучилишна хигиена, Развојна психологија (Битола), Предучилишна педагогија (Битола), Семејна педагогија. Во наставните програми од наставните предмети: Мултикултурно образование, Етика, Психологија на личност, Педагошка комуникација, Методика на воспитна работа (Битола), Методика на работа со надарени деца, Методика на работа со деца со пречки во развојот имаме

конкретни наставни содржини низ кои студентите стекнуваат знаења за инклузивното образование. Вежбите од овие наставни предмети им овозможуваат на студентите на терен да се стекнат со т.н. инклузивна пракса.

На Факултетот за образовни науки, содржини од инклузивното образование се испреплетуваат низ задолжителните наставни предмети: Основи на педагогијата, Детски развој, Методика на предучилишно воспитание и образование: изборните предмети: Мултикултурно образование, Социјална педагогија, Ментално здравје на деца и адолесценти, Развојна психопатологија, Стратегии на учење и поучување, Методика на работа со надарени деца, но постои и како задолжителен предмет наставниот предмет Инклузивно образование кој им овозможува на сите студенти стекнување на соодветни теоретски знаења за инклузивното образование, но и стекнување на инклузивната пракса на терен - низ соодветните хоспитации во детските установи и основни училишта.

Врз основа на направената анализа можеме да го изведеме заклучокот дека во текот на иницијалното образование, идните воспитувачите, наставници имаат мали можности за т.н. инклузивна пракса. На наставничките факултети не постојат задолжителни предмети кои се во насока на развој на оваа компетенција, па оттаму и се јавува потребата за промени во студиските програми на Факултетите, нивно преструктуирање, со оглед на фактот дека принципите на инклузивното образование се вградени и во Националната програма за развој на образованието и во Стандардите за ран детски развој, па оттаму посебен акцент да се постави на подготовката и едукацијата на студентите идни воспитувачи,идни предметни наставници да се делува на промена на нивниот сенс, нивната метаниа за работата во инклузивна средина, нивната оспособеност за изработка на ИОП, неопходни за работа со децата со посебни потреби.

**4.2.Резултати од интервјуирањето**

Согласно со ваквата поставеност на наставните програми е и мислењето на воспитувачите за нивната компетентност за работа во инклузивната средина. Имено, воспитувачите се свесни за тоа дека во текот на нивното иницијално образование не се, т.е. многу малку се оспособуваат за работа со деца со посебни потреби. Им недостасуваат како теоретски сознанија, така и практична обука. Самостојно се едуцираат, разменуваат литература меѓусебно, добиваат поддршка и помош од колегите дефектолози, психолози. Но, немаат конкретни сознанија за методите, облиците за работа со децата со посебни потреби . Непознат им е и начинот на кој се изработуваат ИОП.

Во однос на прашањето за начинот на кој се спроведува и остварува инклузијата во предучилишната установа, сите воспитувачи истакнаа дека повеќе се работи за интеграција отколку за инклузија. Имено, децата со посебни потреби (хиперактивните, надарените, децата со пречки во развојот, децата со тешкотии во учењето, ....) се интегрираат во воспитната група. Преголемиот број на деца во воспитните групи, бројка која не е за занемарување 20-30 деца во воспитните групи, а за сметка на тоа еден воспитувач и еден негувател, не им овозможува да посветат посебно внимание на детето со посебни потреби. Навистина, помош добиваат од дефектолозите, психолозите кои ги издвојуваат децата со посебни потреби во текот на денот и индивидуално работат со нив. Воспитувачите се трудат колку што можат и работат врз основа на нивното скромно искуство (самоедукација) за работа со овие деца на јакнење на кохезијата во воспитната група, на прифатеноста на тие деца во групата, на нивната социјализација и меѓусебна интеракција. Им недостасува соработката со родителите во насока на поблиска интеракција и комуникација, заеднички активности во насока на поуспешен детски развој. Им недостасуваат подетални информации за начинот на кој треба да работат со децата со посебни потреби, им недостига едукација.

Воспитувачите успешно ги идентификуваа и факторите од кои зависи успешното вклучување на децата со посебни потреби во редовните групи во градинката..

Како фактори ги наведоа:

- Физички пристап ;
- Обезбеденост со соодветен дидактички материјал – работата со децата од предучилишна возраст бара мноштво нагледен материјал кој ќе ја поттикне љубопитноста, радозналоста на детето (потреба од кинестетичка, визуелна, подршка)
- Постоењето на предрасуди и стереотипи кон децата со посебни образовни потреби (кај децата и кај кадарот кој работи во предучилишната установа);
- Стручна подготвеност на воспитувачот за работа со деца со посебни потреби;
- Соработка на релација родители, родители на деца со посебни образовни потреби, воспитувачи, стручен кадар од установата, локална заедница;
- Тимска работа;
- Подготвеност на децата за живот и работа во инклузивно опкружување,
- Прифатеност на детето со посебни образовни потреби од врсниците во групата:

- Преголем број на децата во воспитните групи;

Аналогно на констатираните фактори се и предлозите, препораките на воспитувачите:

- Ангажирање на заедницата, поддршка и помош од родителите, во обезбедување на физички пристап во детската установа и помош за обезбедување на соодветен дидактички материјал (тактилни табли, сликовници со Брајова азбука и сл.)
- Постојана едукација на наставниот кадар низ најразлични форми (работилници, семинари..) на кои би се вклучиле и родителите, претставници од локалната заедница и истите би биле насочени кон надминување на негативните ставови и предрасуди на наставниот кадар, родителите, лицата од заеницата кон лицата со посебни потреби, јакнење на самодовербата, надминување на чувството за недовербата во можноста за остварување на инклузијата , чувството за несигурност во сопствените компетенции за работа со децата со посебни образовни потреби и стравот дека не може да се одговори на потребите на инклузијата, т.е да се придонесе кон развој на хуман, епматичен однос кон сите деца;
- Почитување и придржување до принципите на инклузивното образование назначени во стандардите за рано учење и развој како: на сите деца, без разлика на полот, етничката и религиозната припадност, социоекономските и културолошките разлики, како и различните здравствени и посебни потреби, треба да им се овозможи влез во образовниот систем; Сите деца можат да учат. Тие заслужуваат високи очекувања во нивните достигнувања во процесот на учењето, а се во согласност со нивната возраст и социокултуролошките карактеристики; Развојот на учењето кај децата е целосно условено од квалитетни воспитувачи кои се заинтересирани за сопствено континуирано професионално унапредување, развој и соработка со децата и нивните родители; Почитување на персоналитетот и индивидуалните специфичности, потреби, интереси и можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни потреби, како и децата од сите социоекономски и етнички средини; Заедничкото делување на семејството и заедницата, во поттикнување на развој на рано учење кај децата; Сите деца имаат потенцијал да постигнат најголем дел од очекуваните стандарди во одредена возраст, со соодветна поддршка, инструкции и стимулација на развојот на раното учење;
- Помали воспитни групи и во зависност од тоа дали во групата постои дете со посебни потреби, можност за ангажирање на асистент кој ќе помага во работа со сите, но посебно со овие деца;
- Помош од стручниот тим во градинката, тимска работа која ќе ги вклучи едукаторите, стручните соработници, родителите и децата ;
- Подобра соработка со родителите, стекнување на доверба и успешна комуникација и интеракција помеѓу нив, која ќе овозможи точно определување на педагошкиот профил на секое дете, запознавање на неговите развојни и образовни потреби и врз основа на тоа изготвување на план за тоа каква поддршка и помош му е потребна на детето;
- Примена на нови стратегии, игровни активности насочени кон јакнење на кохезивноста во воспитната група;
- Организирање на заеднички манифестации со лица од заедницата во насока на зајакнување на капацитетите на воспитувачите, родителите, заедницата за значењето од заедништво

Инклузивното образование е од голема корист за децата со посебни потреби, овозможува откривање на детските потенцијали, основа е за нивно оспособување за понатамошно образование, за квалитетен живот.

## 5. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

„Инклузијата не е обврска но право на секој поединец да се развива во согласност со својата природа“.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Batarelo Kokić, I., Vukelić, A. i Ljubić, M. (2009). *Mapiranje politika i praksi za pripremunastavnika za inkluzivno obrazovanje u kontekstima socijalne i kulturne raznolikosti* – Izvješće za Hrvatsku. Bologna: Centar za obrazovne politike

[2] Јованчевић, О. (2009). *Дефиниције инклузије и интеграције*. http://www.inkluzija.org, Преземено на 18.05.2014

[3] Мушкиња, О., Лазић, С. и Риста, С. (2011). *Инклузија између жеље и могућности*. Нови Сад: Покрајински омбудсман АП Војводине

[4] Гојков, Г., Грандић, Р., Милутиновић, Ј., Негру, А., Пасер, В. и Стојановић, А. (2006). *Циљеви – компетенције учитеља и васпитача*. Вршац: Виша школа за образовање васпитача.

[5] Сузић, Н. (2008). *Увод у инклузију*. Бања Лука: ХБС.

[6] Сузић, Н. 2007. Примењена педагошка методологија. Бањалука: ХБС.

[7] Vujačić, M. (2005). Inkluzivno obrazovanje - teorijske osnove i praktična realizacija. *Nastava i vaspitanje*, 54 (4-5), 483-497.
[8] Vujačić, M. (2006). Problemi i perspektive dece sa posebnim potrebama. *Zbornik Instituta za pedagoška istraživanja*, 38 (1), 190-204.